Агенцијата за вработување на Република Македонија во рамки на постојната имплементација на проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)" финансиран од ЕУ, објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС

### за регистрирани невработени лица заинтересирани за учество во

## Обуки за општи вештини (Обуки за странски јазици и Обуки за основни компјутерски вештини)

Обуките за општи вештини (Обуки за странски јазици и Обуки за основни компјутерски вештини) ќе се спроведуваат во период од 2 до 4 месеци, од страна на тренинг провајдери избрани од страна на АВРМ на целата територија на државата.

Обуките ќе бидат организирани со цел да им помогнат на невработените лица да се стекнат со општи вештини кои ќе им помогнат да ги подобрат своите компетенции и полесно да се вклучат на пазарот на трудот.

## Постапка за аплицирање

Сите заинтересирани невработени лица, регистрирани во Агенцијата за вработување како активни баратели на работа, кои се заинтересирани за учество на овие обуки, можат да пополнат Апликација за учество во локалните Центри за вработување, за една од следниве обуки:

| Вид на обука | Времетраење на обуката | Кој може да се пријави за обука | Регионална застапеност на учесниците во обуките |
|---|---|---|---|
| Обуки за странски јазици:<br>Англиски, Германски, Италијански, Турски, Грчки, Француски, Шпански и Албански<br>(основно или напредно ниво) | 48 часа | Приближно 708 невработени лица регистрирани како активни баратели на работа | **Источен регион**: Берово, Виница, Делчево, Кочани, Пробиштип и Штип (100 учесници во обуки);<br>**Југозападен регион**: Дебар, Кичево, Македонски Брод, Струга и Охрид (100 учесници во обуки);<br>**Полошки регион**: Гостивар и Тетово (100 учесници во обуки);<br>**Североисточен регион**: Кратово, Крива Паланка и Куманово (100 учесници во обуки);<br>**Скопски регион**: Скопје (308 учесници во обуки) |
| Основни компјутерски вештини:<br>Word processing programs (пр. MS Word); Spreadsheet software (пр. MS Excel); Database management software (пр. MS Access); Project management software (пр. MS Project) и Интернет | 48 часа | Приближно 400 невработени лица регистрирани како активни баратели на работа | **Вардарски регион**: Велес, Кавадарци, Неготино и Свети Николе (100 учесници во обуки);<br>**Југозападен регион**: Дебар, Кичево, Македонски Брод, Струга и Охрид (100 учесници во обуки);<br>**Полошки регион**: Гостивар и Тетово (100 учесници во обуки);<br>**Североисточен регион**: Кратово, Крива Паланка и Куманово (100 учесници во обуки); |

Апликацијата за учество на обуките содржи основни информации за кандидатот како и обуката за која тој аплицира.

Сите заинтересирани невработени лица, регистрирани во Агенцијата за вработување како активни баратели на работа ќе бидат селектирани согласно со нивниот Индивидуален план за вработување.

Крајната селекција на учесниците на обуката ќе биде направена од страна на Евалуациска Комисија според следниве критериуми:

- Невработеното лице да е регистрирано во Агенцијата за вработување како активен барател на работа, и
- Невработеното лице во Индивидуалниот план за вработување да има изјавено дека сака да посетува Обуки за општи вештини.

Доколку бројот на заинтересирани лица за учество во овие обуки во некои региони го надмине планираниот број на учесници во обуките, приоритет ќе им се даде на:

- Невработените лица кои се профилирани како директно вработливи, односно лица со високо образование и лица кои веќе имаат стекнато други знаења и вештини кои би им помогнале да најдат работа со минимална помош од страна на Агенцијата за вработување, како што се обуките за Општи вештини.

Избраните кандидати ќе потпишат Договор за учество на обука. Учесниците на обуките (невработените лица) кои успешно ќе ја завршат обуката ќе се стекнат со Сертификат за учество на обука.

## Краен рок за аплицирање:

Заинтересираните невработени лица можат да ги достават своите Апликации за учество во една обука по циклус, во АВРМ и 30-те Центри за вработување низ целата на држава, секој работен ден од 8:30 до 16:30 часот.

Апликациите на учесниците ќе се евалуираат пред започнување на обуките.

Проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“ е финансиран во рамките на Оперативната програма за “Развој на човечки ресурси 2007-2013“ (ИПА Компонента IV).

Активностите на проектот директно придонесуваат во постигнување на целите од Оперативниот план за активни мерки на пазарот на трудот за 2015 и 2016 година.

Јавниот оглас е објавен и на следните веб страни:

- Агенција за вработување: www.avrm.gov.mk;
- Министерство за труд и социјална политика: www.mtsp.gov.mk.